# МАНИФЕСТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗАСТАПЕНИ ВО СОБРАНИЕТО ВО ВРСКА СО ВОДЕЊЕТО НА ПРЕГОВОРИТЕ ЗА ПОЛНОПРАВНО ЧЛЕНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

*Водејќи* се од јасно изразената определба на граѓаните на Република Северна Македонија без разлика на етничката припадност и јасно изразениот консензус на сите политички субјекти за полноправно членство на Република Северна Македонија во Европската Унија;

*Нагласувајќи* дека интеграцијата на Република Северна Македонија во Европската Унија претставува стратегиска цел од витално значење за целото општество;

*Поаѓајќи* од прифатените заеднички европски вредности и свесни за потребата од ефикасно исполнување на стандардите и критериумите за членство кои произлегуваат од Копенхашките критериуми и Процесот за стабилизација и асоцијација, а чие исполнување води кон стабилни институции кои гарантираат демократија, владеење на правото, човековите права и почитување и заштита на правата на заедниците, функционална пазарна економија способна да се справи со конкуренцијата и пазарните сили во ЕУ, и способност да се прифатат и ефикасно да се спроведат обврските од членството, вклучително и придржување кон целите на политичката, економска и монетарна унија, како и продуктивна регионална соработка и добрососедски односи;

*Имајќи* предвид дека Северна Македонија е земја кандидат од 2005 година и близок партнер на Европската Унија како дел од Процесот за стабилизација и асоцијација кој е во сила од 2004 година, кој го потпиша во 2001 како прва земја од регионот, како основа за широка соработка во голем број на области, при што Северна Македонија продолжува целосно да ги спроведува своите обврски предвидени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација;

*Повикувајќи* се на заклучоците на Советот на Европската Унија од 25 март 2020 година кои беа едногласно одобрени од членовите на Европскиот совет на 26 март 2020 година, а со кои се поздравува демонстрираната решеност на Северна Македонија за унапредување на реформската агенда поврзана со пристапниот процес и постигнатите конкретни и одржливи резултати, со кои се исполнија условите за почеток на пристапните преговори, и донесената едногласна одлука за отворање на преговорите за членство;

*Имајќи* ги предвид заклучоците на Собранието кон Информацијата за содржината на преговарачката рамка за пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија, предложена од страна на претседателството на Франција со Советот на Европската Унија на 30 јуни 2022 година, усвоени на 16 јули 2022 година;

*Имајќи* ја предвид одржаната прва Меѓувладина конференција за пристапувањето на Северна Македонија во Европската Унија одржана на 19 јули 2022 година во Брисел;

*Потврдувајќи* ја својата решеност за ефикасно и квалитетно водење на преговорите за пристапување во ЕУ што ќе претставува клучен исчекор во односите помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во насока на реализирање на стратешката цел за полноправно членство во Европската Унија;

*Потврдувајќи* ја улогата и придонесот на Република Северна Македонија во унапредувањето на регионалната соработка и добрососедските односи;

## Ние, долупотпишаните субјекти:

Свесни за историската важност и одговорност за водење на преговорите за полноправно членство на Република Северна Македонија во Европската Унија што претставува споделена стратешка цел на државата и сите нејзини граѓани, ја реафирмираме нашата позиција дека клучен државен интерес на Република Северна Македонија е што поквалитетно завршување на преговарачкиот процес и оттаму што побрз влез во полноправно членство во Европската Унија.

Поаѓајќи од изразената намера Северна Македонија да ја достигне подготвеноста за полноправно членство во 2030 година, ние, политичките партии претставени во Собранието со своето делување се обврзуваме пристапните преговори да завршат под најповолните остварливи услови и во најкраток можен временски рок, потполно свесни за обврските кои произлегуваат од членството во ЕУ.

Политичка цел на Северна Македонија е зачувување на неделивоста, интегритетот и целовитоста на државната територија како земја членка во ЕУ, како и континуитетот и заштитата на идентитетот, традицијата, јазикот и општествените вредности на нејзините граѓани јакнејќи го со тоа придонесот на Северна Македонија во заедничките европски вредности, како и европските општествени и културни процеси, збогатувајќи и придонесувајќи на тој начин кон подобро разбирање помеѓу државите, народите и граѓаните.

Подеднакво, одлучни сме во реализацијата и спроведувањето на сите обврски кои произлегуваат од политичките критериуми за членство во ЕУ, особено околу натамошното унапредување на регионалната соработка и унапредување на добрососедските односи, како и натамошното јакнење и промоција на заштитата на основните човекови права како и правата на заедниците.

Ја потврдуваме важноста од водење на континуиран дијалог и усогласено делување во процесот на преговори за полноправно членство на Северна Македонија во Европската Унија, особено во делот на усогласувањето на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и неговото спроведување и особено за делот на Кластерот Темели, односно областите опфатени со Владеењето на правото и со фокус на борбата против корупцијата.

Со оглед дека пристапните преговори со ЕУ ќе се одвиваат во различни собраниски и владини состави ја потврдуваме потребата од воспоставување на засилена соработка помеѓу сите политички партии застапени во Собранието која ќе се остварува постојано без разлика од составот на владејачкото мнозинство.

Преговорите со Европската Унија ќе ги води Владата на Република Северна Македонија. Истовремено, со оглед дека членството во Европската Унија е израз на волјата на големото мнозинство на граѓаните на државата потврдуваме дека во Собранието ќе соработуваме за исполнување на оваа цел заеднички споделувајќи ги одговорноста и заслугите во текот на целиот преговарачки процес.

Преговорите ќе се водат врз основа на целосни и јавни информации и целосна вклученост, како и отворено и транспарентно водење на процесот, за чие времетраење на сите заинтересирани страни ќе им биде осигурено правото на достапност на информациите и дијалог, преку веќе воспоставените механизми како што се Националниот совет за евроинтеграции но и други, со цел најшироката јавност да биде во можност да го изрази своето мислење по однос на условите за членство во Европската Унија.

Се согласуваме да соработуваме во рамки на работните тела на Собранието со цел зајакнување на заедничката одговорност, обезбедување на широк јавен интерес и јакнење на севкупната општествена согласност како и осигурување на позитивни собраниски политички услови за водење на пристапните преговори,

Сите политички партии застапени во Собранието ќе имаат можност да се произнесат и да дадат препораки за било кое прашање по однос на преговарачките позиции по поедините преговарачки поглавја во меѓусебен дијалог со Владата во рамки на Собранието.

Ја нагласуваме потребата од зајакнати заеднички активности за навремено и квалитетни информирање за сите аспекти поврзани со Европската Унија, процесот на преговори како и од придобивките од полноправно членство во отворен дијалог со сите општествени субјекти.

Ја нагласуваме и важноста од активна улога на сите граѓани на Северна Македонија во процесот на пристапување во ЕУ. Граѓаните на Северна Македонија ќе одлучат за пристапувањето во ЕУ преку референдум кој ќе се одржи пред потпишувањето на Договорот за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија, односно по завршувањето на преговорите.

Собранието на Република Северна Македонија, ја задолжува Владата на Република Северна Македонија, преку државната делегација за преговори со ЕУ, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за надворешни работи и експертскиот преговарачки тим доследно да се придржува кон определбата за безусловно почитување на јазичните, идентитетските, историските и културните особености на македонскиот народ, како елементи за кои не се преговара со Европската Унија.

Исто така ја задолжува Владата преговорите да се водат на рамноправна и принципиелна основа, почитувајќи ги нормите на меѓународното право, со безрезервно почитување на достоинството и посебноста на македонскиот народ, како и во целосна согласност на Резолуцијата усвоена од Собранието на Република Северна Македонија, на 29 јули 2021 година.

Во текот на преговорите за пристапување се до нивното завршување со склучување на Договор за пристапување на Република Северна Македонија во ЕУ и по приемот на Република Северна Македонија во полноправно членство во ЕУ, Владата нема да прифати да разговара за поинакво решение за македонскиот јазик од тоа наведено во Преговарачката рамка.

Со приемот на Република Северна Македонија во полноправно членство во ЕУ, македонскиот јазик да стане еден од службените јазици на ЕУ без било какви објаснувања, додавки или фусноти.

Преговарачката рамка обврзува да се подготват три патокази од кои два ќе бидат отварачки одредници за Кластерот Темели, односно посебни патокази посветени на Владеење на правото и Реформа на јавната администрација и еден кој не е отварачка одредница посветен на Функционирањето на демократските институции.

Во рамки на патоказот за владеење на правото постои обврска да се подготви Акциски план за заштита на правата на лицата кои припаѓаат на малцинствата и заедниците вклучувајќи недискриминација, борба против говор на омраза, образование, воспоставување на ефективни мерки, известувачки механизми и идентификување на надлежни институции.

Надвор од овие обврски билатералните прашања поврзани со билатералните договори за добрососедските односи кои не се директно поврзани со правото на ЕУ и со Копенхашките критериуми за членство нема да бидат одредници од кои ќе зависи отворањето и затворањето на поглавјата и кластерите во текот на пристапните преговори со Европската Унија.

Собранието да ги усвои уставните измени за автоматско и безусловно одржување на втората Меѓувладина конференција за комплетирање на отворачката фаза на преговорите, без дополнителни одлуки од страна на земјите членки.

Собранието ја обврзува и насочува Владата, но и сите надлежни органи задолжени за надворешната политика и евро-пристапните преговори да постапуваат во рамките на позициите утврдени со оваа Декларација.